# ДОГОВОР бр.__________

Лозинка:_________ MAC ID:_______________________

Склучен на ден ______________________ година, во _________ ;

Договорени страни :

1. Трговско радиодифузно друштво РОБИ ДООЕЛ со седиште во Штип на улица "Ванчо Прке 88" застапувано од Илиев Зоран, управител (во понарамошниот текст - Оператор);
2. ___________________________________со адреса________________________________,Штип. (во понатамошниот текст - Корисник) телефон:_________________________________________ , e-mail:____________________________________________________________________________ .

## 1.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.1 Со овој договор Операторот му овозможува на Корисникот користење на кабелски интернет според условите наведени во договорот;

1.2 Со овој договор се дефинирани услугите што Операторот му ги дава на корисникот и цената на тие услуги, која Корисникот ја плаќа на месечно ниво;

1.3 Измената на адресата или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на Корисникот како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај Операторот

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА УСЛУГАТА КОЈА ОПЕРАТОРОТ ЈА ДАВА НА КОРИСНИКОТ

2.1 Операторот преку својата мрежа му дава на корисникот да користи кабелски интернет со брзина дефинирана според точка 5 и 6 од овој договор.

2.2 Наведената брзина не е гарантирана бидејќи се работи за т.н. shared bandwidth односно одреден сегмент се дели на повеќе корисници. Доколку корисникот download-ира без прекин повеќе време брзината може да му биде намалена до 128/128 Kbps.

2.3 За да ја користи наведената услуга корисникот мора да поседува приклучок за кабелска телевизија од горенаведениот Кабелски Оператор.

2.4 Операторот на корисникот му обезбедува приклучно место на кое корисникот ќе може да ја приклучи својата опрема (Кабелски модем) преку која ќе го користи интернетот. За приклучното место корисникот си плаќа надомест според ценовникот на Операторот.

2.5 Доколку корисникот не поседува Кабелски модем, тогаш истиот може да го купи од операторот.

2.6 Операторот на корисникот му обезбедува телефонска подршка во периодот од 08-22 часот за проблеми кои настануваат на опремата на корисникот (PC), а за проблемите кои настануваат на кабелската инсталација во просториите кај корисникот, Операторот испраќа екипа во периодот од 10-17h.

2.7 Доколку Корисникот сам правел преправки на кабелската инсталација и од таа причина побарал интервенција од Операторот истата ќе му биде наплатена според ценовникот.

## 3. ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

3.1 Овој договор се склучува за период од тековен месец и не е обврзувачки спрема ниедна од двете страни. Секој месец договорот автоматски се продолжува доколку корисникот продолжи со користењето на услугата.

3.2 Користењето на овaa услуга е условено со користењето на Кабелска Телевизија, така да во случај на прекин на користење на Кабелска Телевизија од било која причина се прекинува и користењето на услугата "Кабелски Интернет".

## 4.ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ

4.1. Операторот има право на измена на одредени услови со претходно известување на Корисникот. Се смета дека Корисникот ги прифатил изменетите услови доколку по објавувањето на известувањето, наредниот месец продолжи со користењето на услугата. Објавувањето на ваквите измени се врши преку медиумите кои ги поседува операторот: ИНФО канал, web страна и наплатните центри каде корисникот плаќа за услугата.

5. ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

5.1 Брзината на интернет услугата е до _________Kbps download и _________Kbps upload;
5.2 Месечна претплата во која е вклучен download од ________MB : __________________ ден.
5.3 Цена на 1MB по надминувањето на _______MB download: _______ ден.
5.4 На корисникот тој месец му се пресметува download се додека не дојде до доплата од _______ денари, а целиот сообраќај после тоа е бесплатен, односно вкупниот износ што еден корисник треба да го плати за месечно користење на кабелски интернет не може да биде поголем од 1500 денари.
5.5 Проверка на сообраќајот корисниците можат да прават на web страната на операторот.
5.6 Плаќањето на оваа услуга се врши во наплатните центри на операторот, на жиро-сметка или на овластени инкасатори.
5.7 Претплатата за тековниот и доплатата за предходниот месец корисникот е должен да ги плати на било кој од наведените начини најкасно до 5[ти] во месецот.
5.8 Доколку корисникот за претходниот месец има направено вкупен трансфер на податоци помал од 150MB се смета дека тој месец не ја користел услугата и автоматски ќе биде раздолжен од претплатата за истиот.
5.9 Доколку корисникот одреден период од месецот не користел интернет од најразлични причини а сепак има направено трансфер на податоци поголем од 150MB односно _______MB се задолжува за тој месец со цела претплата односно доплата.

6. ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

6.1 Месечна претплата за интернет со брзина до _________Kbps и неограничен сообраќај: 1500 ден
6.2 Месечна претплата за интернет со брзина до _________Kbps и неограничен сообраќај: 3000 ден
6.3 Проверка на сообраќајот корисниците можат да прават на web страната на операторот.
6.4 Плаќањето на оваа услуга се врши во наплатните центри на операторот, на жиро-сметка или на овластени инкасатори, при што на барање на Корисникот, Операторот му испраќа фактура по регуларна пошта и на факс.
6.5 Претплатата за тековниот месец корисникот е должен да ја плати на било кој од наведените начини најкасно до рокот наведен во фактурата.
6.6 Доколку корисникот за претходниот месец има направено вкупен трансфер на податоци помал од 150MB се смета дека тој месец не ја користел услугата и автоматски ќе биде ослободен од претплата за тековниот месец.
6.7 Доколку корисникот одреден период од месецот не користел интернет од најразлични причини а сепак има направено вкупен трансфер на податоци поголем од 150MB се задолжува за тој месец со цела претплата.
6.8 Сите наведени цени од точка 5 и 6 се со вклучен ДДВ

7.НАДЛЕЖЕН СУД

7.1 Во случај на спор по овој договор ќе решава надлежниот Суд во Штип.

8. ВИША СИЛА

8.1 Користењето на услугите кои ги обезбедува Операторот може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од вољата на договорените страни, чие настапување неможело да се спречи или предвиди и поради што исполнувањето на обврските од Договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на : природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна), акти на јавната власт.

9.ПРАВОСИЛНОСТ НА ДОГОВОРОТ

9.1 Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.
9.2 Овој договор е склучен во 3 примерока од кои еден за Корисникот и два за Операторот.

Корисник                                                                 Оператор

_______________________________